# Мониторинг бриф за месец јуни 2016 година од следењето на Поглавјето 23 - правосудство, борба против корупција и темелни права

## Владеење на правото и правна сигурност

### Судски совет

Од периодот кој беше проследен, во делот на работење на Судскиот совет на Република Македонија (ССРМ), значајно е да се истакне беше одржана средба помеѓу ССРМ и претставници на Синдикатот на УПОЗ и на Здружението на судска администрација каде што е разговарано за штрајкот на судските службеници и претставниците на судската власт, при што бил заземен ставот дека сите инволвирани страни треба да ги почитуваат одредбите од Законот за судска служба.

### Судски постапки

1. Предмет – "Диво Насеље"

Во текот на месец јуни се одржаа три расправи за предметот "Диво Насеље". Расправите беа одржани во салата на Врховниот  Суд на Република Македонија.

Постапката почна од почеток, откако обвинителството ги спои обвинителните акти за предметот „Диво Насеље" и предметот „Молња", со што во случајот како обвинети се јавуваат уште 8 лица кои се товарат за логистичка поддршка на 29-темина веќе обвинети.

На 06.06.2016 се одржа расправа во која обвинетите, одбраната и обвинителството ги дадоа своите воведни говори и се произнесоа во однос на вината. Сите 37 обвинети се произнесоа како невини во однос на делата кои им се ставаат на товар. На расправата, во фаза на доказна постапка беа прочитани и исказите на 5те сведоци, дадени на главна расправа на 23.02.2016.

На 14.06.2016 се одржа главна расправа во која судот продолжи со читање на исказите на сведоците дадени на главна расправа пред спојувањето на постапките.

На 30.06.2016 се одржа расправа од која јавноста беше исклучена, поради изведување на  докази со сослушување на заштитени сведоци.

Проектот Мрежа 23 + е финансиран од Европската Унија. Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

2. Предмет : “Демонстранти”

Во текот на месец јуни беше одржано едно рочиште по предметот “Демонстранти”, во кое како обвинети се јавуваат Здравко Савески и Владимир Куновски. Обвинетите се товарат за кривично дело “Учество во толпа што ќе изврши кривично дело”.

Рочиштето се одржа на 10.06.2016 во Основниот Суд Скопје 1. На ова рочиште, на предлог на одбраната, а со согласност од обвинителството, судијката донесе решение да им ја укине мерката домашен притвор на обвинетите и на истите им определи мерки за обезбедување присуство: одземање на патните исправи и обврска за јавување во определен термин. Одбраната побара на наредното рочиште да биде доставен како доказ договорот за закуп на канцеларијата на Претседателот на Република Македонија, откако на претходното рочиште наведоа дека според имотниот лист, истата не е во сопственост на Република Македонија, па според тоа и државата не може да се јави како оштетена странка во случајот. Одбраната побара и вештачењето да не се смета за доказ, бидејќи истото е незаконски прибавено, односно не е направено по наредба на јавен обвинител туку на барање на Државното Правобранителствто на Република Македонија, што е спротивно на Законот за кривична постапка. Наредното рочиште е закажано за 6.7.2016 .

3. Предмет “Шпион”

Во текот на месец јуни беа закажани две седници по предметот “Шпион”.

Јавната седница закажана за 10.06.2016 се одложи бидејќи не беше присутен јавниот обвинител од Специјалното Јавно Обвинителство. Судијата ги извести присутните дека од страна на Специјалното Јавно обвинителство е доставен поднесок со кој се бара одлагање на јавната седница поради службено отсуство на обвинителот назначен за овој предмет.

Јавната седница закажана за 29.06.2016 повторно се одложи поради отсуство на јавен обвинител од Специјалното Јавно Обвинителство. Судијата ги извести присутните дека на 28.06.2016 во судот е пристигнат поднесок од Специјалното Јавно Обвинителство во кој се наведува дека јавниот обвинител нема да биде присутен на закажаната седница со образложение дека на 24.06.2016 од страна на бранителот на обвинетиот Зоран Божиновски до Специјалното Јавно Обвинителство е поднесено барање со кое се бара воспоставување на надлежност врз предметот.

## Темелни права

### Забрана на тортура и нехумано и понижувачко постапување и казнување

Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија согласно стратешката определба и долго воспоставената пракса за посета на затворените институции во Република Македонија, изврши посета на ЈУ Специјален завод - Демир Капија. Посетата беше остварена во февруари 2016 година, по претходно одобрение на Министерството за труд и социјална политика.

Проектот Мрежа 23 + е финансиран од Европската Унија. Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

Целта на посетата беше утврдување на фактичката состојба на условите и остварувањето на основните човекови права на лицата со интелектуална попреченост кои се сместени во оваа установа, а кои поради нивната ранлива состојба претставуваат чувствителна категорија на граѓани и имаат право и на посебни права во зависност од нивните посебни потреби. По повод, посетата на ЈУ Специјалниот завод – Демир Капија, Комитетот објави и Посебен извештај[1], каде што во делот „Услови за живот, хигиена, сместување„ е наведено дека „Надворешниот дел на градбите е во лоша состојба, ѕидовите се нагризани, а фасадата е падната на повеќе места. Собите во кои се сместени штитениците се полни со влага и мувла. Во нив речиси нема шкафови, а ќебињата се стари и истрошени, на повеќе кревети немаше перници, а во дел од собите можеа да се забележат и мачки скитници кои лежеа на креветите на штитениците. Тоалетите исто така не ги задоволуваат стандардите, беа стари и оштетени и немаа основни средства за одржување на хигиената. Видно беше дека плочките во сите тоалети не се исчистени подолго време, во лавабоата и кади те можеше да се забележи мувла и нечистотија, а на поголемиот дел од WC школките можеа да се забележат фекалии. Вредно е да се спомене дека вработените во Специјалниот завод при нашата посета не сакаа да вклучат осветлување во дел од тоалетите бидејќи тие се наоѓаа во неподносливо лоша состојба. Низ сите одделенија се ширеше силен мирис на урина. Лошата хигиена во установата, меѓу другото е резултат и на недостаток на персонал. Во повеќе одделенија можевме да забележиме како штитениците сами ја одржуваат хигиената во одделенијата, што пак се рефлектира врз нивната лична хигиена, која исто така е на многу ниско ниво.“

Понатаму, во делот „Третман и грижа на штитеници, здравствена заштита, програмски содржини и активности, контакт со надворешниот свет и инспекција“, потсетувајќи на низата препораки кои и’ беа дадени на државата од Европскиот комитет против тортура, нехуман и деградирачки третман и казнување, во 2014 година, за подобрување на условите за живот, сместувањето, третманот и грижата на персоналот, од страна на Комитетот е документирано дека: „Особено загрижува наодот, проверен во Книгата на смртни случаи. Според книгата, од 1993 до 5 февруари 2016 година, во Специјалниот завод починале 375 лица. Поголемиот дел од смртните случаи се резултат на белодробни заболувања кај штитениците. Најголемиот дел од штитениците кои починале од белодробни заболувања се неподвижни штитеници со длабока интелектуална попреченост кои биле сместени во блокот Б2. Блокот Б2 нема врата, а штитениците кои се сместени во него се подложени на постојан провев, па воопшто не изненадува фактот што повеќето од нив имаат белодробни заболувања.“

**Слобода на собирање и здружување**

Во текот на месец јуни, од аспект на граѓанското организирање и простестите против актуелната

[1] http://www.mhc.org.mk/reports/424#.V40F0zWtyUk

Проектот Мрежа 23 + е финансиран од Европската Унија. Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

владеачка структура, значајно е да се истакне дека од страна на „Шарена револуција“ и „Протестирам“ беше испорачано барањето и граѓанските здруженија да се вклучат во преговарачкиот процес, во улога на набљудувач, бидејќи како што истакнуваат од протестните движења – значајно е преговарачкиот процес да биде транспарентот и со истиот да бидат запознаени граѓаните, односно да не се одвива зад затворени врати.[2]

И покрај тоа што темпото на протестите се промени, односно истите не се одржуваа секој ден, сепак Министерството за внатрешни работи и полициските службеници кои беа ангажирани за време на протестите, го смеќаваа правото на собирање, а исто така пристапуваа и кон приведувања и легитимирања, по завршувањето на протестите, како што беше случај за Павле Богоевски и Симона Спировска.[3]

Но, на линија на примена на несразмерна сила и смеќавање на јавен собир, потребно е да се истакне протестот на студентите пред седиштето на Студентскиот парламент на Универзитетот „Кирил и Методиј“, откако заврши гласањето за нов претседател на СПУКМ, а гласачката атмосфера беше нелегална, нелегитимна и насилно, ако се земе предвид дека гласачките кутии беа насилно одземени, и тоа од страна на лица кои не се студенти на УКИМ, туку за кои имаше наводи дека се припадници на УМС на ВМРО-ДПМНЕ. Имено, по завршувањето на овие криминални студентски избори, од страна на група студенти, меѓу кои и оние од Студентскиот пленум и „Мугра“, се организираше протест пред просториите на СПУКМ, од каде што истите беа отстранети со примена на сила од страна на Единицата за брзо распоредување.[4]

**Однос кон социјално ранливите и лицата со посебни потреби и принципот на недискриминација**

Во текот на месец јуни или на ден 10.06.2016 година, Комисијата за заштита од дискриминација донесе Мислење со број 07-1117/4 со кое потврди дискриминација врз основа на родов идентитет. Се работи за случај кога на едно трансродово лице му бил забранет влез во објект кој дава јавни услуги - базен, односно му бил ограничен пристап до услуги врз основа на неговиот родов идентитет. Хелсиншкиот Комитет за човекови права како застапник на жртвата поднесе претставка до Комисијата за заштита од дискриминација со која побара да се утврди дискриминација врз основа на родов идентитет. Иако во мислењето на Комисијата се дефинира дека дискриминацијата е врз основа на пол, во самото образложение се констатира дека родовиот идентитет на жртвата бил клучниот фактор поради кој на лицето му бил забранет влезот.

[2] http://meta.mk/sharenata-revolutsija-pobara-graganskiot-sektor-da-se-vkluchi-vo-pregovorite/
[3] http://www.brif.mk/vecherva-uapseni-devo%d1%98ka-i-momche-od-sharenata-revolutsi%d1%98a/
[4] http://lokalno.mk/galerija-brojni-policiski-sili-pred-spukm-spirovski-zakluchen-so-kutiite-plenumcite-pred-vrata/

Проектот Мрежа 23 + е финансиран од Европската Унија. Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

Според Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија (како членка на Мрежата за заштита од дискриминација), што ја покрена постапката пред Комисијата, ова претставува голем чекор напред во борбата против дискриминација и треба да биде поттик и охрабрување за сите оние кои биле или во иднина ќе бидат жртви на дискриминација да го пријават прекршувањето на нивните права, исто така во врска со донесеното Мислење, на Комисијата и нејзините членови и' беше упатен апел за во иднина да продолжат во оваа насока, како во рамки на своите надлежности ефикасно би ги заштитиле подеднакво сите граѓани.

**Слобода на изразување и плурализам во медиумите**

Во текот на месец јуни, од страна на Здружението на новинари (ЗНМ) и претседателот Насер Селмани, беше иницирана средба со лидерот на најголемата опозициска партија СДСМ, Зоран Заев, на која се разговараше за реформите во медиумите и разговорите на политичките лидери за овие реформи.[5] Според Заев, како што било истакнато на средбата, една од клучните теми за разговор, во рамки на политичкиот дијалог под покровителство на меѓународната заедница, се реформите во медиумите, коишто се услов за слободни, фер и регуларни избори.
„Од суштинско значење е да се овозможи АВМУ да ја извршува улогата на регулатор во медиумската сфера, а МРТВ да биде вистински јавен сервис во интерес на објективно, непристрасно и избалансирано информирање на граѓаните"- наведуваат од СДСМ.

Покрај темите кои стануваат карактеристични за медиумскиот простор, како насилство врз новинари, од страна на ЗНМ било потенцирано дека нема да се прифатат половични решенија, иако како што посочил и Заев во овој период од преговорите, ВМРО-ДПМНЕ сè уште се противи на можните решенија што значат овозможување на медиумите слободно да ја извршуваат својата вистинска улога.

Од страна на ЗНМ, во текот на јуни, се настапи со уште една иницијатива, а тоа е барањето до Специјалното јавно обвинителство (СЈО), да се преземе одвоениот предмет на новинарот Зоран Божиновски од обвинителството за организиран криминал, поради неговата поврзаност со предметот „Шпион", врз кој СЈО веќе има воспоставено надлежност. Во врска со ова барање, во Соопштението на ЗНМ беше наведено дека: „ (...)случајот на новинарот Зоран Божиновски, кој два месеци е во притвор затоа што Јавното обвинителство го осомничи за разни кривични дела. Божиновски во април беше екстрадиран од Србија и до сега против него нема формално обвинение".[6]

[5] http://faktor.mk/2016/06/28/sredba-zaev-selmani-bez-slobodni-mediumi-nema-uslovi-za-slobodni-izbori/
[6] http://www.mkd.mk/makedonija/politika/znm-na-sredba-so-janeva-sjo-da-go-prevzeme-sluchajot-so-novinarot-bozhinovski

Проектот Мрежа 23 + е финансиран од Европската Унија. Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

Проектот Мрежа 23 + е финансиран од Европската Унија. Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.